СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Социјална политика и пензиски систем

## Извршно резиме

Овој документ има за цел да ги постави појдовните основи во областите на социјалната политика и пензискиот систем кои што би се ползувалеза понатамошно генерирање на Националната развојна стратегија 2022-2042. Со оглед на комплексноста и карактеристиките на дадените области се определивме за форматирање на анализата на начин што директно ги адресира клучните социјални ризици во нашето општество. Целта е што поточно да се идентификуваат актуелните и антиципираат идните најзначајни социјални ризици, правилно да се разберат и контекстираат во вкупниот економски, политички и развоен амбиент, и врз основа на тоа да се проектираат соодветни одговори на овие предизвици.

Спроведената анализа утврди изразени социјални диспаритети во нашето општество. Притоа, регистрираните диспаритети во одделните индикатори во анализираните области се надвор од прифатливите граници и најдиректно негативно влијаат на социјалната кохезија.

Во домените на сиромаштијата и социјалната исклученост сведочиме долготрајна неприфатлива состојба со високи стапки на сиромаштија и социјална исклученост која што ги подрива темелите на заедницата. Иако на почетокот на изминатава деценија имавме надежен тренд на намалување на сиромаштијата, сепак последниве неколку години се случува стагнација. Согласно последните достапни податоци за 2019 г.21,6% од вкупното население живее под линијата на сиромаштијата, а дури 39.9% во сиромаштија или социјална исклученост. Особено загрижувачки се состојбите кај младите, каде дури 26.2% од нив на возраст од 15-29 години не се вработени ниту се вклучени во образование или обука.

Реформата на клучниот социјален надоместок, односно замената на социјалната парична помош која подолг период покажуваше ниска ефективност со новата гарантирана минимална помош донесе исклучително голем пораст на бројот на корисници од 53.9%. Проектираната зајакната активација на корисниците на ГМП на пазарот на трудот изостанува. Уделот на невработените лица корисници на ГМП во вкупниот број на учесници во активните мерки и програми за вработување изнесува само 3.5%.

Системот на социјална заштита се повеќе се насочува кон развивање и јакнење на вонинституционалните форми на грижа за ранливите категории. Бројот на корисници на социјалните услуги во домот, во заедницата и останатите алтернативни форми на грижа и давање услуги е во пораст. Плурализација во обезбедувањето на социјалните услуги веќе ги дава првите резултати. И во деинституционализацијата е направен значаен напредок, но тој мора да продолжи со проектираната динамика по двегодишниот застој предизвикан од пандемијата. Процесот на децентрализација на социјалната заштита е во долготрајна стагнација.

Опфатот на згрижување и воспитание на децата во детски градинки и центри за ран детски развојво последнава деценија бележи видлив, но, сепак недоволен раст. Иако бројот на згрижени деца во периодот 2008-2019 е повеќе од двојно зголемен, сепаксамо 28% од децата се згрижени во системот што е далеку под просечните параметри на ЕУ.

Вложувањето во децата од нивната најмала возраст треба да претставува прв развоен приоритет на државата и општеството. Наспроти тоа, во нашата земја стапката на сиромаштија кај децата изнесува дури 27,8%. Токму најпогодени и со највисоки стапки на сиромаштија се многудетните домаќинства (44.7%) и самохраните родители (42.6). Ваквите бројки се неприфатливи и неодржливи затоа што најдиректно го

намалуваат развојниот потенцијал на генерациите што доаѓаат, а со тоа и на општеството во целина. Преземените активности за зголемен опфат на детскиот додаток и воведениот образовен додаток се важни чекори во вистинската насока.

Староста и бројните ризици што таа ги носи ќе бидат се поприсутни и позначајни.Континуираниот раст на уделот на популацијата над 65 години, кој интензивните миграциски текови дополнително го забрзуваат, создава нова социјална реалност која бара промена на пристапот во многу сфери на нашето живеење. Најважен предизвик останува како да се обезбеди финансиската одржливост на пензискиот систем истовремено одржувајќи ја адекватноста на пензиите за обезбедување достоинствен живот.Иако во последнава деценија бројот на осигуреници расте, сепак односот на просечната пензија во споредба со просечната нето плата стагнира, што ја зголемува нееднаквоста и ранливоста на пензионерите. На крајот на 2021 година просечно исплатената пензија изнесуваше 53% од просечно исплатената нето плата. Од друга страна, пак, анализирајќи го движењето на стапката на сиромаштија, токму кај пензионерите, во споредба со сите други статусни групи, утврдивме најголем пад на оваа стапка во последнава деценија, при што стапката на сиромаштија кај пензионерите е преполовена, додека кај невработените е намалена за околу 20%, а кај вработените за 11%.

Капацитетите за институционално сместување на старите лица и обезбедување долготрајна нега се недоволни- тие опфаќаат само 0.5% од старата популација, а опфатот и квалитетот на социјалните услуги кои се даваат во домот и во заедницата е далеку од задоволителен.

Спроведената анализа утврди дека голем број од потребните стратегии и останати програмски и плански документи релевантни за областите недостигаат или се носат со задоцнување, оставајќи недозволена празнина во дефинирањето на пристапите кон прашањата, неопходната приоретизација и обезбедување на потребниот фокус на активностите. Згора на тоа, со ретки исклучоци, нивната имплементација е парцијална, неконзистентна, изложена на ад хок интервенции, проследена со нејаснотии и недоволно разбирање и интернализација на целите кај непосредните имплементатори, со непридржување до роковите и со недоволна транспарентност.

Придонесот на овие тематски области за развојот на земјата е од извонредно значење. Точната идентификација, доброто разбирање и соодветното адресирање на социјалните ризици се од клучно значење за одржување и унапредување на социјалната кохезија како темел на одржливото општество.

Визионирањето на Националната развојна стратегија, во анализираните области на социјална политика и пензиски систем, е најсоодветно да се проектира како создавање услови за социјално инклузивен и порамномерен развој на земјата, развој кој е сензитивен за социјалните нееднаквости и растечката поларизација што произлегува од нив и чија цел е подигнување на квалитетот на животот на сите нејзини граѓани.

Во тој контекст, клучна стратегиска целво анализираните области е обезбедување поголема социјална кохезија преку прецизно дефинирани долгорочни приоритети со соодветно проектирани целни вредности и динамички планови за нивна реализација во домените на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, унапредување на опфатот и адекватноста на надоместоците за социјална и детска заштита, развојот на социјалните услуги и нивно контекстирање во економскиот развој и зголемувањето на вработеноста на ранливите групи, радикално зголемување на опфатот на згрижување и воспитание на

децата во детски градинки и центри за ран детски развој, обезбедување одржливост на пензискиот систем и трансформација на општеството кон поголема респонсивност кон растечката популација на возрасни лица.